**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги – СКОПЈЕ

| Примено: 15.05.2018 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 2439 | 1 | |

**До: д-р Зоран Трајчевски,**
**директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), се доставува

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** вонреден

2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво ТВ М Арнаудов Михајло Охрид ДООЕЛ

3. **Датум на извршување на надзорот:** 15 мај 2018 година

4. **Предмет на надзорот:** Член 22 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување (бр.01-5774/1 од 21.11.2014 година, изменет на 08.05.2015 година), според кој *„Бројот и структурата на вработените лица за телевизија на регионално ниво, со исклучок на регионот Д7, треба да биде најмалку 10 (десет), од кои 5 (пет) со висока стручна спрема, вработени како новинари"*.

5. **Претходно изречена мерка: /**

6. **Констатации од надзорот:** Со надзорот е констатирано дека Трговско радиодифузно друштво ТВ М Арнаудов Михајло Охрид ДООЕЛ ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување.

   Образложение: При увид во податоците за сопственичката структура, уредниците и економското работење на ТРД ТВ М Арнаудов Михајло Охрид ДООЕЛ во 2017 година, Агенцијата констатираше дека на 31.12.2017 година, вкупниот број на вработени во телевизијата изнесувал 15 лица, од кои како новинари со висока стручна спрема биле ангажирани само четири лица. Поради тоа, на 26.04.2018 година Агенцијата со писмен допис (наш бр.03-2147/1) побара од радиодифузерот, во рок од седум дена од денот на приемот на дописот, да достави документи од коишто ќе може да се констатира дека ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во Правилникот.

   Од документите што радиодифузерот ги достави во Агенцијата на 8-ми и на 15-ти мај 2018 година (Преглед на пријави/одјави во задолжително социјално осигурување за деловен субјект, заклучно со 10.05.2018, издаден од Агенцијата за вработување на Република Македонија и авторски договори склучени со вкупно три лица) е видно дека во телевизијата се вработени вкупно 13 лица, од кои пет со висока стручна спрема, ангажирани како новинари.